# ПРИРАЧНИК

**за начинот на известување**
**за локалните теми**
**и истражувачко новинарство**

**За локални медиуми**

Оваа публикација е изработена за рецензија од страна на Агенцијата на САД за Мегународен Развој.

Во нејзината подготовка учествуваа Герман Филков и Сабина Факиќ .

Ставовите на авторот искажани во оваа публикација не ги иразуваат ставовите на Агенцијата на САД за Мегународен Развој или на Владата  на Соединетите Американски Држави.

# Содржина


**Вовед........................................................................................................ 4**

**1. Зголемената улогата на локалните медиуми.............................................. 6**
1.1 Како локалните медиуми да одговорат на зголемената улога ..............................7
1.2 Клучни теми од локално значење ......................................................................9
1.2.1 Буџетот на општината.......................................................................10
1.2.2 Локален економски развој ................................................................12
1.2.3 Јавен сектор ......................................................................................13
1.2.4 Здравство .........................................................................................14
1.2.5 Образование .....................................................................................15
1.2.6 Урбанизам .........................................................................................16

**2. Истражување и известување за корупција ...............................................17**
2.1 Каде и што да се истражува, каде да ја барат корупцијата,
како се одвива и како може да се спречи? ..........................................................19

**3. Истражувачко новинарство.......................................................................23**
3.1 Што е истражувачко новинарство?........................................................................23
3.2 Проблеми на новинарите........................................................................................24
3.3 Фази во процесот на истражување ........................................................................25
3.3.1. Наоѓање на тема за истражување......................................................25
3.3.2. Поставување на претпоставка во истражувањето .............................25
3.3.3. Изработка на стратегија и план на истражувањето ..........................26
3.3.4. Барање и прибирање на документи ..................................................26
3.3.5. Барање на луѓе и извори ....................................................................27
3.3.6. Пребарување на Интернет..................................................................27
3.3.7. Директно набљудување на терен .......................................................28
3.3.8. Одредување на временска рамка на истражувањето.........................28
3.3.9. Проценка на потребните пари за истражувањето ..............................29
3.3.10. Организирање на приказната и проценка на ситуацијата...............29
3.3.11. Финална проверка на приказната....................................................30
3.3.12. Пишување и објавување на приказната ..........................................30

**4. Легални и етички аспекти ........................................................................31**
4.1. Слобода на јавно информирање.............................................................................32
4.2. Слободен пристап до информации од јавен карактер............................................33
4.3. Заштита на приватноста и на личните податоци.....................................................33
4.4. Клевета и навреда ...................................................................................................34
4.5. Етички прашања.......................................................................................................34
4.6. Кодекс на новинарите на Македонија.....................................................................35



# Вовед

Сé поголем број на народи повеќе од 200 години признаваат дека слободното новинарство претставува камен темелник на демократијата.  Кога се составуваше уставот на новата независна Република Македонија, авторите ги опфатија овие и други основни слободи. Во Делот II- Основни права и слободи на човекот и граѓанинот, вклучени се низа на членови во кои се набројуваат овие слободи. Во делот II, член 16, во Уставот се споменуваат слободното изразување на мислење, слобода на говорот и забрана на цензурата:

- Се гарантира слободата на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата.
- Се гарантира слободата на говорот, јавниот настап, јавното информирање и слободното основање на институции за јавно информирање.
- Се гарантира слободниот пристап кон информациите, слободата на примање и пренесување на информации.
- Се гарантира правото на одговор во средствата за јавно информирање.
- Се гарантира правото на исправка во средствата за јавно информирање.
- Се гарантира правото на заштита на изворот на информацијата во средствата за јавно информирање.
- Цензурата е забранета.

На ист начин, во Америка пред повеќе од 200 години, првиот амандман на Уставот на САД и првиот член на "Повелбата на слободите" гласеа:

*„Конгресот нема да донесе закон за основање на религија или забрана за нејзино слободно изразување, или скратување на слободата на говорот или на новинарството; или на правото на луѓето да се собираат на мирен начин и да даваат петиции до владата за испрвање на неправди."*

Меѓутоа, самото внесување на таков текст во уставот без разлика дали во Македонија или Америка или било која друга земја, иако особено значаен како основна гаранција, сам по себе не подразбира активно спроведување или реализација на придобивките од овие особено значајни слободи. За да се изврши позитивно влијание на општеството со целосен потенцијал, за слободата на говорот и слободното новинарство потребни се "поборници" кои овие слободи ќе ги сфатат сериозно и ќе работат постојано за да се остварат придобивките во општеството.

Во Америка, токму  со своите мисли и дела, Томас Џеферсон авторот на *"Декларацијата на независноста"* и третиот претседател на САД, стана познат како еден од најголемите поборници и заштитници на слободата на новинарството, слободата на говорот и заштитник на правото на граѓаните да бидат добро информирани за работата на нивната влада.



Како што Македонија е соочена со предизвици во процесот на создавање на слободна и независна нација, од суштинско значење е прашањето за слободното новинарство и правото, односно обврската, на граѓаните да бидат информирани за работата на нивната влада. Граѓаните и новинарите ја имаат клучната одговорност во овој процес на градење на нацијата. Со започнувањето на процесот  на децентрализација на одредени надлежности од централната влада на општините, овие предизвици и одговорности добија значајна нова димензија на локално ниво ширум целата земја.

За Македонија овие проблеми се нови, но принципите се неколку века стари, и сега се веќе добро утврдени во праксата како на одговорното новинарство така и на одговорното граѓанство. Оние кои имаат клучни улоги и одговорности во овој процес во Македонија е добро кога им пристапуваат на своите задачи за  момент да застанат за да ги прочитаат и разгледаат мислите и ставовите на големиот поборник за слободното новинарство и за добро информираните граѓани. Подолу се дадени неколку важни размислувања на Томас Џеферсон, напишани во времето кога тој и неговите сограѓани се соочуваа со некои од најважните предизвици со кои денеска се соочува Македонија:

*"Не познавам друго место каде општеството има врвна моќ освен во моќта на самите луѓе; и доколку сметаме дека не се доволно просветени за да ја изразат својата контрола со нивното корисно право на одлучување, лекот не е да им се одземе од нив тоа право туку да се информираат за нивното право на одлучување."*

*"Ако ме оставеа да одлучам дали треба да имаме влада без весници, или весници без влада, ни за момент немаше да се поколебам да се одлучам за второто."*

*"Секогаш кога луѓето се добро информирани, тие може да се потпираат на својата влада."*

*"Онаму каде новинарството е слободно и секој човек знае да чита, се е безбедно."*

*"Едуцирајте и информирајте ја целата толпа народ... Тие се единствената сигурна потпора за зачувување на вашата слобода."*

Овој прирачник е подготвен за да им помогне на новинарите во Македонија за да успешно ги остварат овие нови предизвици. Исто така има за цел да помогне во уверувањето дека како што се одвива процесот на децентрализацијата, граѓаните ќе бидат добро ифнормирани за нивните права и одговорности во заедниците ширум целата земја.

*Двејн Бирд*
*Директор на УСАИД*
*Проект за локална самоуправа*

# 1.

# Зголемената улогата на локалните медиуми

Со процесот на децентрализација – локалните медиуми добија во вистинска смисла на зборот клучна улога во засилување на транспарентноста и одговорноста на локалните власти. Сега, во согласност со поделените ингеренции меѓу централната и локалната власт, квалитетот на живеење на луѓето во голема мера зависи од квалитетот на политиките и од ефикасноста на нивното спроведување и на централно и на локално ниво.

Процесот на пренесување на дел од ингеренциите од централно на локално ниво ја децентрализираше и одговорноста од националните на локалните медуми да служат како контролори на квалитетот на работењето на институциите во рамките на општините. Оттука, локалните медиуми треба позасилено да работат на обезбедување на слободен проток на информации како начин да дадат сериозен придонес кон доброто владеење во нивните општини.

Во услови кога локалната власт има ингеренции во сите сфери од кои зависи квалитетот на живеењето на луѓето во една општина, тргнувајќи од комуналните услуги, преку здравството и образованието, се до економскиот развој – непоходно е да се потенцира значењето што го добива навремената информираност на граѓаните за сите овие дејности. Само информирани граѓани можат да направат правилен избор и да извршат притисок врз власта да го реализира ветеното и да работи ефикасно и одговорно во интерес на сите граѓани на општината.

Локалните медиуми треба да и дадат гласност на заедницата за сите значајни прашања овозможувајќи на тој начин да се влијае врз одлуките на власта во насока на максимално приближување до потребите и интересот на граѓаните, наспроти политичките или личните интереси на избраниците на локалната власт. Доколку медиумите не одговорат на овој нов тренд, постои сериозен ризик граѓаните да бидат исклучени од активната партиципација во градењето на општини според нивните потреби и опасност – неодговорното владеење на локалната власт да биде припишано на објективни, а не на субјективни фактори кои го блокираат развојот и напредокот на локалните средини.

# 1.1 Како локалните медиуми да одговорат на зголемената улога

Ако квалитетот на живеењето во една општина се повеќе зависи од квалитетот на работењето на локалните институции и ако медиумите треба да одговорат на зголемената улога во оваа насока, клучно е прашањето како тоа да се направи. Одговорот на ова навидум комплексно прашање е мошне едноставен: секаде и во секое прашање треба да се бара интересот на граѓанинот.

За да можат да одговорат на зголемената улога, локалните медиуми својот иден развој треба да го градат врз два столба:

1. Следење на интересот на граѓаните во општината и
2. Локализирање на националните теми.

Следењето на интересот на граѓаните во општината значи дека информациите што ги обајвуваат медиумите треба да понудат одговор на прашањата, темите и проблемите што ги интересираат граѓаните. Медиумите секогаш мора да понудат одговор на прашањата:

- Што ќе значи ова за граѓаните?
- Дали ќе влијае позитивно или негативно врз граѓаните?
- Како размислуваат граѓаните за одредена тема или прашање?

Имајќи предвид дека квалитетот на живеењето во една локална средина зависи и од политиката која ја спроведува централната власт, локалните медиуми долгорочно мора да се фокусираат и врз јакнење на столбот на локализирање на националните теми. Ова значи дека локалните медиуми треба да информираат и за политиките и одлуките на централната власт преку директен приказ како тие одлуки влијаат врз граѓаните, бизнис заедницата, политичките случувања и институциите во локалната средина.

Практично, ова би значело дека одлуката на Собранието на Република Македонија за усвојување на Закон за поттикување на вработувањето мора



да заземе значајно место и во информирањето на локалните медиуми иако е донесена од централната власт. Притоа, за да одговори на потребите на локалната заедница, законот ќе треба да се претстави преку разговор со преставниците од локалната бизнис заедница кои ќе оценат дали ќе има можност да се искористат предвидените бенифиции, како и преку разговор со невработени луѓе за нивните очекувања. Овој пристап на локализирање на националните теми, освен за законската регулатива, треба да се примени и во сите други значајни одлуки и политика на централната власт.

Разликата во пристапот на националните и локалните медиуми треба да се гледа само во изворите со кои и преку кои ќе се раскаже одредена тема, односно ќе се претстави информацијата. Имено, секоја средина има свое бизнис јадро, политички кругови, експертска јавност, граѓански сектор. Впрочем, токму претставниците на локалната заедница ја знаат спецификата на нивната средина и можат да дадат реална оценка или проценка како влијае врз локалната заедница политиката што се креира и се спроведува на централно ниво. Зголемувајќи ја информираноста на локалната заедница за влијанието на политиките на централната власт врз квалитетот на живот и развојот на општината, воедно се подига и свеста на граѓаните за битните прашања во општеството, а со тоа и нивната способност за донесување на правилни одлуки и за влијание за поголема ефикасност и на централната власт.

Градејќи го ваквиот граѓански пристап во информирањето и нудејќи сеопфатни информации и за локалните и за националните политики, локалните медиуми всушност инвестираат во својата иднина. Имено, поголемата отвореност кон граѓаните значи и поголема гледаност/читаност/слушаност на локалните медиуми. По принципот на врзани садови, поголемата перцептивност на медиумите за проблемите на граѓаните ја зголемува довербата во тој медиум и ги мотивира граѓаните за уште поактивно учество во случувањата во општината.



# 1.2
# Клучни теми
# од локално значење

За да можат локалните медиуми да одговорат на предизвикот да ги информираат граѓаните за теми кои ним им се значајни и од кои зависи квалитетот на животот во локалните заедници, тие треба да го стават фокусот на следниве области:

- Буџетот на општината
- Локалниот економски развој
- Јавниот сектор
- Здравството
- Образованието
- Урбанизмот.

Изборот на темите е направен така што се земени не само оние сфери кои се од големо значење за граѓаните, туку и сферите во кои локалната власт има зголемени ингеренции. Исто така, ова се сфери во кои работењето и постигнувањата во голема мера зависат од ефикасноста на локалната власт. Токму затоа е неопходно медиумите да го насочат своето внимание кон овие сфери и самите да иницираат новинарски истражувања за случувањата во нив.












## 1.2.1
## Буџетот на општината

Буџетот е едно од најзначајните прашања во општината за коишто медиумите треба да информираат. Тој ги одразува одлуките на локалната власт во речиси сите сфери од дејствувањето, од образованието преку здравството, до даноците и таксите и оттука има значајно влијание врз животот на луѓето. Имајќи го ова предвид, токму медиумите треба да го подигнат и интересот на граѓаните за ова значајно прашање.

Фискалната година во Република Македонија трае од 1 јануари до 31 декември, односно тоа е периодот на важење на годишните буџети на државата и на општините. Процесот на изработување и донесување на буџетот може да трае неколку месеци и опфаќа неколку клучни чекори. Прво, секое од одделенијата во општината и во локалните институции кои се финансираат од буџетот, се изјаснуваат за потребите што ги имаат за наредната година. Потоа, побараните средства се усогласуваат со можностите на општината, односно со планираните приходи во буџетот. Откако ќе дојде до усогласување на потребите и приходите се изработува предлог буџет којшто на крајот се дава на усвојување од страна Советот на општината, кој пак, има право да интервенира во неговата содржина. Сите овие фази во процесот на донесување на општината се значајни и можат да бидат интересни за вест која треба да им се соопшти на граѓаните. Ваквиот пристап во известувањето им овозможува на медиумите да ги вклучат граѓаните во оценката на буџетот – дали тој ги одразува нивните потреби и со тоа отвора можност за интеревенции во ставките на предлог буџетот.

За да известуваат на квалитетен и професионален начин за донесувањето на буџетот на општината, новинарите мора претходно да бидат добро информирани за основите и за суштината на буџетот. Ако не се најдат соодветни извори, било тоа да се луѓе од општината или експерти, буџетот може да претставува само една обична низа на бројки која новинарот нема да ја разбере и оттаму нема да може ниту да им ја објасни на своите гледачи/читатели/слушатели.

При известувањето за буџетот клучно е да се претстави неговата намена, односно услугите за кои ќе се трошат парите. Притоа, новинарот треба сам да процени кои се најзачајните буџетски ставки за кои треба да информира бидејќи едноставно е невозможно да се кажат и објаснат сите бројки.

Пишувајќи за буџетот, новинарите всушност треба да понудат одговор на прашањата како буџетот ќе влијае врз граѓаните; дали граѓаните ќе добијат повеќе или помалку услуги од претходната година; дали граѓаните за тоа ќе плаќаат повеќе или помалку давачки. Во известувањето за буџетот новинарите треба да информираат и за ставот на граѓаните околу

**Генерално, известувањето за буџетот треба да содржи податоци за:**

- вредноста на вкупниот буџет на општината,
- процентот на зголемување, односно намалување на буџетот во однос на претходната година,
- причините за зголемување или намалување на буџетот (пр. раст на буџетот поради нови вработувања во општината),
- преглед на позначајните ставки од буџетот (оние од кои во најголем дел се финансира општинската каса),
- информација како одредени промени ќе се одразат врз животот на луѓето.
- вредност и опис на најзначајните инвестициони проекти што се финансираат од буџетот.

позначајните прашања во врска со буџетот, како и во врска со поголеми проекти што ќе се финансираат од општинската каса. Воедно битно е да се обрне внимание и на евентуалните политички разлики во гледањето на предложениот буџет, односно која советничка група за што се залага.

Локалните медиуми треба да имаат предвид дека буџетот е прашање за кое треба да се известува во текот на целата година, а не само на денот на неговото усвојување од страна на Советот на општината. Притоа корисно е ако при известувањето, буџетот се гледа и низ двете клучни позиции:

- Од каде доаѓаат парите (приходите)?
- Каде одат парите (расходите)?

За следење на буџетските приходи битно е да се потенцира дека во ставката на сопствени приходи на единиците на локалната самоуправа спаѓаат даноците на имот, приходите од надоместоци за услуги, од работата на претпријатијата основани од општината, таксите итн. Општините добиваат процент од персоналниот данок на доход и од данокот на додадена вредност, а за обезбедување на дополнителни пари за финансирање на општините предвиден е и систем на дотации, односно дополнителни трансфери од буџетот.

Притоа, многу е значајно да се следат планираните и наплатените приходи на општината за да се оцени реализацијата, потоа приходите од тековната година во споредба со претходната година за да се оцени трендот во наплатата (дали е позитивен или негативен) и сл. Воедно, треба да се има предвид дека низ следењето на наплатата на приходите може да се даде оценка за економската активност во општината, како и за ефикасноста во работењето на доночната управа.

Најпрактичен начин за следење како се се трошат буџетските пари е преку јавните набавки. Притоа, битно е локалните медими да ги следат и информираат за сите поголеми јавни набавки во општината, од објавата на повикот за набавката се до реализацијата на набавката.



**Препораки за известување за буџетот:**

- Известувајте и за процесот на изработка на предлог-буџетот, а не само за чинот на негово усвојување од Советот на општината;
- Научете да го читате и толкувате буџетот;
- Зголемете ја можноста за влијание на граѓаните врз буџетските проекции;
- Натерајте ја власта да објасни како и зошто ќе ги троши парите;
- Имајте предвид дека транспарентноста е клучниот гарант за рационално трошење на парите на општината и затоа следете и известувајте како се трошат парите од буџетот.

## 1.2.2
## Локален економски развој

Известувањето за економијата го допира животот на секој еден граѓанин. Невработеноста, цените на производите, инвестициите – сите тие се теми кои го будат интересот не само на бизнис заедницата туку и на граѓаните како работници и потрошувачи. Известувањето за локалниот економски развој значи известување за сите случувања во градежништвото, сообраќајот, производството, земјоделството, трговијата, туризмот, односно за сето она што ја движи локалната економија.

Новинарите треба редовно да ги известуваат граѓаните за резултатите што локалната власт ги постигнала во реализација на т.н. Стратегија за локален економски развој, не дозволувајќи ваквите стратегии на одделните општини да останат само список на амбициозни проекти и планови што никогаш нема да се реализираат. Потребно е да се следат случувањата во секторот на мали и средни претпријатија и да се информираат граѓаните за тоа што е направено во насока на поддршка на нивниот развој.

Локалните медиуми треба постојано да создаваат еден позитивен притисок врз локалната власт во насока на решавање на најголемите економски проблеми во општината како што се невработеноста и сиромаштијата. Во насока на поттикнување на економскиот развој, значајно е да се иницираат дебати кои треба да и помогнат на единицата на локалната самоуправа за финансирање на значајни проекти за кои нема доволно сопствени приходи преку користење на претпристапните фондови на Европската унија.

Локалните медиуми не треба да се затвораат во своите општини. Потребно е да погледнат и кај другите единици на локалната самоупрва за да дојдат до позитивни примери и да информираат за проекти што би можело да се спроведат и во нивната општина. Ваквите споредби треба да послужат како начин за поттикнување на локалните власти да покажат подобри резултати во развојот на општината. Воедно, во фокусот на медиумското покривање треба да бидат и можностите за заеднички проекти на повеќе општини. Се разбира освен споредбата со другите поразвиени општини непоходно е во локалните медиуми да се промовираат и позитивните примери во локалниот економски развој во земјите од соседството.

При известување за економскиот развој, треба да се избегне ризикот новинарските текстови да се сведуваат само на констатирање на разликите помеѓу очекувањата на граѓаните и оправдувањата на локалните власти дека економскиот развој главно зависи од централната власт. Затоа е непоходно на листата на извори да се најдат економски експерти кои имаат кредибилитет во локалната средина за да ги протолкуваат работите и реално да ги проценат ингеренциите и можностите на локалната власт.



**Препораки за известување за локалниот економски развој:**

- Известувајте за начинот како локалната власт се справува со најголемите економски проблеми;
- Барајте одговори од локалните власти: што прават за да ја подобрат бизнис климата и да го поттикнат претприемништвото;
- Откријте дали и како се спроведува планот за локален економски развој, што ветиле, а што спровеле градоначалникот и советниците;
- Истражете и информирајте што прават пратениците од вашите изборни единици во интерес на граѓаните од вашата општина и
- Барајте повеќе од подрачните единици на централната власт: колку ефикасно работат, одговараат ли на локалните потреби?

## 1.2.3 Јавен сектор

Јавниот сектор во оваа смисла треба да биде сфатен во поширока смисла на зборот, односно општинската администрација и јавните претпријатија и установи што работат во рамките на локалната заедница. Квалитетот на работа на јавниот сектор во една општина е всушност одраз на успешноста на таа општина. Впрочем, локалната самоуправа постои за да им ги овозможи тие услуги на своите граѓани. Тргнувајќи од ваквото гледање на работите произлегува дека медиумите треба да им ги овозможат на своите гледачи/слушатели/читатели сите релевантни информации врз основа на кои тие ќе можат да ја оценат успешноста на работа на општинските претпријатија и служби.

Медиумите треба да го покажат односот на избраните преставници на локалната власт кон заедничките пари и заедничките институции. Притоа, не смее да се заборави дека политичките партии кои ја добиваат довербата на граѓаните на изборите, честопати за раководни структури во јавните претпријатија и установи поставуваат луѓе според партиски, роднински и пријателски критериуми, наместо според стручноста и компетентноста. Клучно е дека со ваквиот пристап се креира амбиент во кој одлуките во овие претпријатија и установи потоа се носат од партиски или личен интерес, а не од интерес на граѓаните во општината кои и ги финансираат и ги користат услугите на јавните претпријатија и установи.

Медиумите треба да имаат предвид дека со ваквиот однос се суспендира граѓанскиот интерес и се намалува квалитетот на услугите што тие им ги пружаат на граѓаните. Појдовна основа за ваквата партизација на јавниот сектор, правните експерти ја лоцираат во „оскудната и многу општа" законска регулатива со која се дефинира изборот на членови во управните одбори на јавните претпријатија и установи. Законот за јавни претпријатија (2006) им посветува само еден член на критериумите за именување на членови во управните одбори на јавните претпријатија. Во него се вели дека *„во управниот одбор основачот именува, односно разрешува претставници од редот на афирмирани и познати стручњаци во областа на предметот на работењето на јавното претпријатие..."*. Во праксата пак, не се почитува ниту ваквата оскудна законска рамка за избор на членови на управни одбори. Многубројни се примерите на именување членови кои според посочените квалификации не само што не се стручни и афирмирани во областа во која работи претпријатието, туку често немаат ниту допирна точка со таа област.

Токму тука е улогата на медиумите да ги следат овие именувања, да ги информираат граѓаните за законските обврски и практичните решенија и потоа да следат како работи јавниот сектор во општината и низ конкретни бројки и показатели им дадат на граѓаните аргументи за задоволство или незадоволство од работата на единиците на локалната самоуправа. Медиумите треба да ги поддржат граѓаните да имаат континуиран и целосен увид во работењето на јавните претпријатија и установи тргнувајќи од тоа што е планирано, а што е остварено и каков квалитет на јавна услуга е добиен за потрошените пари.

**Препораки за известување за локалниот економски развој:**

- Известувајте како работат локалните јавни претпријатија и установи (каква е чистота на градот, каква е состојбата на улиците и сл.);
- Барајте одговори на трите клучни пунктови: дали граѓаните се задоволни од услугите на јавните претпријатија; какви финансиски резултати остваруваат јавните претпријатија и како се раководи со препријатијата и кој го контролира нивното работење;
- Известувајте за работата на локалната администрација. Разговарајте со вашите сограѓани – колку се задоволни од работата на администрацијата во одделните служби. Дали им се јасни критериумите и условите за добивање на дозволи и решенија од одделните локални служби;
- Информирајте, не само за проблемите и неефикасноста на администрацијата, туку и за добрите искуства бидејќи на тој начин ќе им дадете поттик и на другите.

# 1.2.4
# Здравство

Граѓаните генерално се максимално заинтересирани за теми од здравството бидејќи од состојбата во здравствениот сектор во нивната општина, како и од квалитетот на здравствените услуги што ги добиваат во крајна линија зависи и нивниот живот. Имајќи го ова предвид, здравствените установи се почесто се наоѓаат под притисок за зголемена транспарентност и отчетност во работењето, а медиумите пред предизвикот да одговорат на интересот на граѓаните за редовна информираност за случувањата во здравството.

Со оглед на големата заинтересираност на луѓето за оваа тема, медиумите можат да најдат вест од здравствениот сектор во секое пореметување на тековните настани, гужви во установите, недостиг на лекови, расипани апарати, незадоволство на пациенитите, лоши услови за работа на медицинскиот персонал и сл. Медиумите треба да го зголемат новинарскиот скептицизам секогаш кога во здравствениот сектор, наспроти незадоволството на пациентите, некој тврди дека работите се одвиваат добро и станува збор за максимално вложување на напорите.

Во известувањето за јавното здравство мора да се имаат предвид спротивставените интереси во оваа сфера на веледрогериите и на приватниот здравствен сектор. Затоа медиумите треба внимателно да ги истражуваат случувањата во овој сектор. Состојбата на немање на болнички капацитети и лекови сразмерно на потребите, создава простор секоја итна услуга дополнително да се наплати. Ова е случај кога преку ред се вршат разни снимања, прегледи и операции и се добиваат болнички кревети, при што се инволвираат не само лекари, туку и друг медицински и административен персонал. Одредени лекари ја користат ваквата состојба за да ги упатуваат пациентите од јавното здравство кон приватните ординации каде што тие работат попладне или во своето слободно време. На овој начин доверената позиција на државна сметка се користи за остварување на лична корист и јавните здравствени установи се користат како место за регрутација на пациенти за приватните ординации и клиники.

Конечно, секогаш кога медиумот треба да објави приказна од здравството поврзано за некоја нова инвестиција, за проширување на нов капацитет или нова медицинска опрема, новинарите треба да си постават низа прашања преку кои ќе дојдат до потребните информации за тоа дали е одлуката одговор на вистинските потреби на корисниците на здравствените услуги или зад набавката и инвестицијата се крие нечиј личен интерес. Со оглед на тоа што во тек се реформи во здравството, локалните медиуми мора редовно да го следат спроведувањето на тие реформи низ призмата на нивното влијание врз одделните здравствени установи во општината.



**Препораки за известување за здравството:**

- Во какви услови се наоѓаат здравствените установи, дали ги имаат на располагање сите потребни медицински средства и лекови;
- Дали се граѓаните задоволни од условите во здравствените установи и од нивната работа;
- Барајте одговори и одговорност за случувањата и од надлежните здравствени институции на центарлно ниво (Министерство за здравство и Фонд за здравство и сл.).

# 1.2.5 Образование



Со оглед на тоа што образованието е еден од столбовите на развојот на локалната заедница и на општеството во целина, медиумите треба редовно да информираат за оваа сфера и тоа од два аспекти. Првиот се условите во кои се одвива образовниот процес во локалната заедница, а вториот е квалитетот на наставата.

Состојбата во основните и во средните училишта од аспект на нивниот изглед и градба е само оној видлив дел од образовните проблеми за кои треба да се известува. Но, во исто време, акцентот треба да се става и на обезбедување на условите за оптимален развој на секој ученик гледано низ призма на бројот на ученици во една паралелка, можноста на наставниците да му посветат нужно внимание на секој ученик, наставно-показните помагала што им стојат на располагање за користење и сл.

Освен тоа, медиумите треба да информираат и за исполнувањето на законски загарантираните еднакви образовни услови без оглед на потеклото на учениците, нивниот општествен и материјален статус, како и нивната религиозна и национална припадност. Преку известувањето, медиумите треба да ја зголемат улогата на родителите и на другите заинтересирани групи за влијание врз подобрување на квалитетот на образованието. Воедно, неопходни се и анализи за квалитетот на образованието во една општина преку презентирање на резултатите што ги постигнуваат учениците и тоа преку споредба од година во година или со други општини.

Имајќи ги предвид ингеренциите на општините, медиумите треба да известуваат што е направено во насока на унапредување на системот на образование во општината, дали надлежното одделние во општината врши редовна анализа на работењето на училиштата, дали има редовни инспекциски контроли, кои мерки и активности се преземени за унапредување на работата на училиштата и сл. Со оглед на низата проблеми што се појавија во изминатиот период, медиумите треба да ги следат и изборите на фирмите кои вршат организиран превоз во училиштата, фирми снабдувачи со храна, како и фирми кои ги организираат училишните екскурзии. Генерално, низ редовното известување, длабочинските анализи и истражувачки приказни медиумите не само што навреме и сеопфатно ќе ги известуваат граѓаните за случувањата во оваа сфера, туку ќе им овозможат и на сите заинтересирани страни да влијаат врз позитивно унапредување на наставниот и образовниот систем кој треба да продуцира квалитен кадар што ќе придонесе кон развојот и прогресот на општината.

## Препораки за известување за образованието:

- Информирајте за квалитетот на наставата (прашувајте – колку ученици има во едно одделение, може ли на сите да им се посвети внимание, имаат ли доволно наставно-показни средства и сл.);
- Следете ги условите во кои работат училиштата (посетувајте ги училиштата со камера и фотоапарат);
- Иницирајте поголема инволвираност во работата на училиштата од страна на родителските одбори;
- Доколку во вашата општина има универзитет, следете ги случувањата и таму и настојувајте да го искористите експертскиот потенцијал на универзитетскиот кадар во насока на забрзување на развојот на општината.

## 1.2.6
## Урбанизам

Известувањето во овој сектор треба да биде насочено кон иницирање на поголемо учество на граѓаните во процесот на урбанистичкото планирање и на спречување на инспекциските органи да ги толерираат нелегалните градби. Новинарите треба да имаат предвид дека добро испланиран и спроведен урбанистички план не значи само убав изглед на општината, туку и квалитетни услови за живот и работа во локалната заедница.

Спротивно, урбанистичкиот хаос што секојдневно се создава во општините го отежнува економскиот и културниот развој на општината, го уназадува бизнисот и квалитетот на животот во општината. Урбанистичките решенија треба да се такви што ќе го подобрат живеењето, ќе го скратат и олеснат транспортот и ќе го поттикнат целокупниот развој во општината. Оттука, слично како и образованието и здравството, граѓаните во секоја локална заедница се животно заинтересирани за прашањата од областа на урбанизмот и тие имаат право директно да учествуваат во креирањето на урбанистичките планови во заедницата во која живеат.

**Препораки за известување за образованието:**

- Темелно информирајте за деталниот урбанистички план, каде и што е предвидено да се гради;
- Побарајте увид во деталниот план ако истражувате некоја спорна локација или градба;
- Истражувајте како работи инспекциската служба во општината;
- Вклучувајте ги граѓаните во сите дебати на општинските совети за одделните урбанистички решенија.



2.

# Истражување и известување за корупција



Според Законот за спречување на корупцијата (2004) под корупција се подразбира искористување на функцијата, јавното овластување, службената должност и положба за остварување на каква и да било корист за себе или друг. Потребата и важноста да се истражува корупцијата и медиумите да известуваат за неа произлегуваат од многукратните и сериозни последици што корупцијата ги има во сите сфери на живеењето и работењето. Корупцијата ги осиромашува луѓето, го влошува квалитетот на јавните услуги, ја намалува ефикасноста на јавната администрација и на јавните претпријатија и установи, ја нарушува конкурентноста, ги одвраќа домашните и странските инвестиции, го спречува економскиот развој и ја уназадува демократијата во земјата.

Многу истражувања укажуваат на широка распространетост на корупцијата во речиси сите сфери од живеењето и работењето во Македонија. Имајќи ги предвид штетните последици на корупцијата и огромната улога што ја имаат медиумите во спречувањето на корупцијата, новинарите мора уште повеќе да истражуваат и да известуваат за случаите на корупција. Тоа никако не е едноставна задача, бидејќи овој вид на криминал воопшто не е лесно да се открие и докаже главно поради заемниот интерес на учесниците да молчат и да го прикриваат стореното.

Покрај другото, основа за новинарите и медиумите да ја истражуваат и да известуваат за корупцијата дава и Законот за спречување на корупцијата (2004) кој во членот 6 вели дека „Вршењето на власта, јавните овластувања, службената должност и положба, како и работите од јавен интерес се јавни и подложни на јавна контрола. Никој не може да се повика на примена на закон или друг пропис со кој ќе се ограничи или исклучи јавноста за да се прикрие искористувањето на функцијата, јавните овластувања, службена должност и положба за остварување корист, погодност или предност за себе или за друг".

Сепак, имајќи предвид дека кога медиумите известуваат за корупција, откриваат работи што некои луѓе или институции сакаат да останат тајна, во Република Македонија, како и во многу други земји од светот, новинарите се соочуваат со многу пречки на патот на професионално




и објективно информирање за корупцијата. За да им се отвори простор на медумите и на новинарите да истражуваат и да информираат за корупција, истиот Закон за спречување на корупцијата во членот 62 „забранува каква било присилба, спречување или влијание на друг начин врз средствата за јавно информирање да објавуваат или да не објавуваат информации за случаи на корупција. Новинарот има право на непречен пристап до сите извори на информации во согласност на законот. Никој не може да ја исклучи јавноста од расправата за корупција пред надлежен орган или правно лице, освен кога се работи за претходна постапка што е прогласена за доверлива. Никој не може од новинарот што објавил информација за акт на корупција да бара да го открие изворот на информацијата, освен во постапка пред суд“.

Од друга страна, истиот закон спречува злоупотреба на медиумите за неосновано и лажно обвинување на друг за корупција. Членот 63 вели дека „секој што објавува информација за корумпираност на друг, должен е да ја почитува претпоставената невиност и принципите на вистинито, објективно и непристрасно информирање, како и други принципи на кодексот на професионална етика. Никој не може да користи средство за јавно информирање за лажно обвинување на друг за корупција.

# 2.1 Каде и што да се истражува, каде да ја бараат корупцијата, како се одвива и како може да се спречи?

Една од областите што се најподложни на корупција се јавните набавки. Со самото тоа, тие претставуваат област којашто мора постојано да се наоѓа под будното око на новинарите. Преку јавните набавки всушност се реализираат основните функции на општината, односно се трошат парите од општинскиот буџет, набавувајќи стоки, услуги и изведување на работи.

Начинот и постапката за вршење на јавните набавки ги уредува Законот за јавни набавки (2007), а се однесуваат на органите на државната власт, органите на единиците на локалната самоуправа, јавните претпријатија и друштвата во кои државата или единиците на локалната самоуправа имаат доминантен капитал, здруженија на граѓани и фондации на кои им се дадени јавни овластувања, како и на правни лица кои вршат посебни јавни услуги. Членот 12 од Законот за јавни набавки утврдува дека „работите во врска со развојот на системот на јавните набавки, како и обезбедувањето на рационалност, ефикасност и транспарентност во спроведувањето на јавните набавки ги врши Бирото за јавни набавки, како орган на државната управа во состав на Министерството за финансии".

Јавните набавки на национално и на локално ниво вклучуваат огромни парични износи (повеќе од милијарда евра). Се смета дека токму поради ваквите големи износи на пари во јавните набавки, оваа област е толку подложна на корупција. Имајќи, пак, предвид дека во корутивните зделки учествуваат и двете страни, односно и тие што ги спроведуваат набавките и добавувачите, од нивни заеднички интерес е да го прикриваат направеното. Според проценки на компетентни извори од јавниот и од приватниот сектор, корупцијата поскапува дел од јавните набавки дури за 30% од нивната реална вредност. Со доделувањето на јавните набавки на фаворизирани понудувачи заради остварување на лична корист, значително се намалува квалитетот на набавените стоки, услуги и извршените работи, се нарушува конкуренцијата на пазарот и не се остварува целисходноста на набавките.

**Корупцијата во јавните набавки главно се одвива преку следниве начини:**

- тендерската спецификација за набавката се прилагодува во прилог на фаворизираната фирма-понудувач преку внесување на такви перформанси што само таа фирма ќе може да ги задоволи,
- критериумите за бодување се „штимаат" за да победи фаворизираната фирма давајќи најмногу бодови на критериумите со кои фирмата стои најдобро,
- набавката вештачки се дели на помали набавки за да се избегне обврската за спроведување на јавен тендер и да се овозможи спроведување на постапка за т.н. мала набавка,
- конкурирање со нереално ниска цена само за да се добие набавката, а потоа во договор со набавувачот, кревање на цената преку ставката „непредвидени трошоци",
- подеднаква поделба на набавката на сите фирми што конкурирале на тендерот, со што се „протнуваат" и свои фирми кои инаку немаат квалитетни понуди,
- штимање на потребните три понуди во случаите на т.н. „мала набава" за понудата на фаворизираната фирма да излезе најповолна и
- слаба контрола на спроведувањето на набавката што се користи за да не се спроведе докрај сето она што е понудено во тендерот.

Главна препорака за истражување на случаите на корупција во јавните набавки е да се следат набавките од почетокот до крајот, односно од идејата и потребата за набавката се до нивната конечна реализација. Не треба да се заборава дека корупцијата може да лежи и во одлуката – што да се набавува. Дали е тоа нешто што навистина е потребно и се наоѓа во плановите или пак се набавува нешто само за да остварат профит фаворизираните фирми.

Кога се истражуваат јавните набавки секогаш треба да инсистирате да добиете податоци за фирмите што ги добиле тендерите. Новинарите и јавноста имаат право да ги знаат тие информации бидејќи станува збор за пари на граѓаните што треба да се трошат рационално и целисходно. Треба да ги контактирате и фирмите што ги добиваат тендерите и оние што не добиле на тендерот за да ја имате целосната слика на случувањата и за да направите објективна приказна.

Освен преку јавните набавки, корупција во општинската администрација и кај јавните претпријатија и установи постои и во процесот на давањето на услуги од администрацијата или претријатијата и установите преку примање на финансиска или материјална надокнада за завршената услуга. Висината на митото зависи од видот на услугата што ја бара граѓанинот или фирмата, од важноста на услугата за нив, од брзината со која сакаат да ја добијат услугата и од материјалниот интерес што го имаат од завршената услуга. Иако износите на пари во поединечните коруптивни случаи генерално се мали, овој облик на корупција е толку многу распространет и навлезен во многу ситни пори од опшеството, што вкупно земено станува збор за сериозна сума на пари што се стекнува нелегално.

**Се смета дека клучни генератори на корупција во оваа област се:**

- користење на бавноста и неефикасноста на администрацијата и барање мито за забрзување на процедурите,
- спремност на граѓаните и фирмите да платат мито за да добијат одредена услуга или да ја добијат за пократко од редовно пропишаното време,
- сложени, недоволно јасни и нетранспарентни критериуми, услови и постапки за добивање на услугите и за одобрување на разните дозволи и решенија при што се праќаат сигнали до граѓаните и фирмите да понудат нешто за возврат за решавање на проблемот,
- интерес на двете страни да молчат бидејќи едните (граѓаните и фирмите) ја добиле услугата, а другите (службениците) оствариле екстра приход.



При истражување и следење на случаите на корупцијата во процесот на давање услуги од страна на општинската администрација и јавните претпријатија и установи треба да се бараат евентуално незадоволни странки кои отворено би зборувале за случаите, да се истражува висината на митото во средината во која се живее, да се прават ранг-листи на институции и служби што се најголеми жаришта на корупција и да се разговара отворено со граѓаните што тие мислат за проблемот и како го гледаат неговото решавање.

Следна област во која треба да се истражуваат случаите на корупција и да се известува за нив е беспр<u>авното градење</u>. Станува збор за дејност во која корупцијата е масовно присутна. Нема општина во Македонија во која секоја година не се регистрираат десетици нови градби што немаат дозволи за градење, а кои пак, од друга страна, никогаш не се уриваат. Затоа, нема да згрешите ако, како новинар, го проверите секој објект што почнува да се гради, дали ги има потребните дозволи и одобренија.

Она што ја стимулира корупцијата во оваа област е што заработувачките од станбените изградби се многу високи и се движат и до 100% од вложениот капитал, така што има голем интерес за градење и доволно пари за поткупување. Според истражувањата, корупцијата во оваа област допира до највисоките инстанци и во централната и во локалната власт. Ова е особено случај кога станува збор за изградба на објекти на атрактивни локации.

При истражување на случаите на корупција во оваа област се препорачува да го истражувате односот на властите во вашата општина кон диво-градбите, колку се властите доследни во примања на решенијата за уривање, кои се тие чиишто објекти не се урнати, а имаат решение за уривање, а кои се тие врз чии објекти доследно се спроведува законот. Исто така, мора како новинари постојано да ја барате позадината во толерирањето на инвеститорите кога некои не ги почитуваат законите и прописите во оваа област.

Образованието и здравството се следните области во кои новинарите треба да ја истражуваат корупцијата бидејќи во овие области таа има далекусежни последици. Во образованието, постоењето на корупцијата и нејзиното необелоденување, го носи ризикот учениците и студентите да се стекнуваат со коруптивни навики уште во процесот на формирање на нивната личност. Од друга страна пак, иако во коруптивни активности е инволвиран само дел од наставниот кадар, преку прикривањето на корупцијата се деградира цела оваа, многу важна професија. Сето ова, проблемот со корупција во образованието го прави многу сериозен.

Истражувајќи ја корупцијата во образованието, новинарите мораат да имаат предвид дека се поретко се применува класичното подмитување со пари, а се почесто во функција се други, пософистицирани форми на корупција. Така, во игра се внесуваат т.н. посредници преку кои се одвиваат коруптив-



**Корупцијата во урбанизмот, преку бесправното градење и негово толерирање, е овозможена поради следново:**

- честа промена на урбанистичките планови што ги поттикнува инвеститорите да почнат да градат бесправно а потоа да издејствуваат преку плаќање поткуп да бидат впишани во идните урбанистички планови,
- несправување со проблемот уште во неговиот зачеток со што откако ќе се вселат луѓе и фирми во тие градби потоа проблемот станува социјален,
- оправдувањето дека во општинските буџети нема пари за уривање и затоа не се уриваат диводградбите со што всушност се прикрива нелегално работење.

ните случаи, на учениците им се сугерираат дополнителни часови кај наставникот или близок на него надвор од редовната настава, а наклоноста на наставниците се добива и преку различни производи и против-услуги зависно од потребите на наставниците и од бизнисот што го имаат родителите на учениците. Исто така, треба да се внимава и на изборот на туристичките агенции преку кои се организираат ученичките екскурзии, изборот на учебници од кои ќе се учи, изборот на ресторани за матурски прослави, изборот на граѓани и фирми на кои им се издаваат под наем делови од училиштата и, што е еднакво важно – каде завршуваат парите од тој наем и дали тие приходи некаде се пријавуваат.

Главни препораки за следење на корупцијата во образованието се новинарите повеќе да го истражуваат овој присутен, но притајуван проблем, да разговараат повеќе со учениците за овој проблем, притоа гарантирајќи им анонимност и почесто да ги посетуваат училиштата во својата општина.

Сериозно загрозен од корупцијата е и здравствениот сектор. Овде, корупцијата се одвива во два главни сегмента: при набавка на лекови, медицински материјали и опрема и при давањето на здравствени услуги на граѓаните. Во првиот сегмент, корупцијата се врши преку набавка на лекови по многу повисоки цени од реалните, набавка на многу поголеми количини од потребните за да се добие количински бонус, набавки без тендери, вештачко креирање на потреба за итна набавка за да се одбегне спроведување на тендер и сл. Во делот на давањето услуги, постојат дури и т.н. тарифници за висината на поткупот во зависност од видот на услугата и стручноста на лекарот. Сепак, фактот дека станува збор за човечко здравје и дека за него луѓето се подготвени да дадат сé ја прават корупцијата во здравството една од најпритаените во општеството.

При откривање и следење на корупцијата во здравството, новинарите треба почесто да разговараат со граѓаните и пациентите за нивното искуство притоа гарантирајќи им анонимност, посебно да се истражуваат набавките во здравствените установи, да се истражува поврзаноста на лекарите и директорите на установите со веледрогериите, како и да се бараат случаи на судир на интереси кај лекарите од јавниот сектор поради нивна поврзаност со приватните ординации.

**Новинарите треба да имаат предвид дека корупцијата во образованието, меѓу другото, ја овозможуваат:**

- слабите институции и механизми за заштита на учениците кои би пријавиле корупција,
- личниот интерес на студентите и на учениците кои се вклучени во корупција да молчат за дадениот поткуп,
- премолчената солидарност кај наставниците за нивните корупмирани колеги кои на тој начин остануваат неказнети, а проблемот нерешен.

**Оваа корупција ја овозможуваат:**

- непостоењето на јасни процедури при набавката на лекови, медицински материјал и опрема, како и одложувањето на целосната примена на т.н. референтни цени за набавка на овие производи,
- неводењето на прецизна материјална евиденција кај здравствените установи за потрошените лекови и за залихите,
- слабата контрола, транспарентност, одговорност и отчетност кај здравствените установи,
- немањето доволно болнички капацитети и лекови сразмерно на потребите со што се остава простор секоја итна услуга дополниутелно да се наплати,
- поврзаноста на лекарите со добавувачите кои одредуваат провизии за набавените или препишаните лекови,
- гледање на поткупот како израз на благодарност за излекуваната болест и спасениот човечки живот.



3.

# Истражувачко новинарство

## 3.1 Што е истражувачко новинарство?

Иако некои го дефинираат истражувачкото новинарство едноставно како добро новинарство, а други како длабочинско известување за одредена тема, истражувачкото новинарство е повеќе од тоа. Истражувачкото новинарство подразбира истражување што е спроведено од страна на самиот новинар и врз основа на негова иницијатива, а со кое се открива нешто што одредена личност или организација не сака да биде откриено. Оттука произлегува дека да се биде истражувачки новинар значи да се биде многу повеќе проактивен отколку реактивен.

Истражувачкото новинарство значи да се „чепка“ под површината на дневните случувања за да им каже на луѓето што всушност се случува така што ќе нуди одговори на прашања„зошто“ и„како“, а не само на прашањата “кој“, „што“, „кога“ и „каде“. Треба да се има предвид дека за да се направи една истражувачка приказна потребни се време и напор. Со истражувачката приказна се открива нешто што е тешко да се докаже бидејќи луѓето и институциите вклучени во случајот имаат взаемен интерес никој да не го дознае тоа што го направиле.

**За да се разбере подобро што е истражувачка приказна, треба да се имаат предвид елементите на овие приказни:**

- Истражувачката приказна открива и се однесува на некој системски проблем, а не само на одреден изолиран случај што погодува само еден човек.
- Истражувачката приказна обелоденува погрешно работење на институции и поединци и се однесува на нешто што најчесто се одвива тајно.
- Истражувачката приказна покажува дека работите не функционираат онака како што треба да функционираат и укажува на корупција, неправда или злоупотреба на власта.
- Истражувачката приказна се темели врз лично и оригинално истражување на новинарот, а не претставува само пренесување на резултатите од истрагата спроведена од државните истражни органи.
- Истражувачката приказна е поткрепена со документи и се темели врз сеопфатни интервјуа и затоа бара повеќе извори отколку другите новинарски приказни.
- Истражувачката приказна, како и сите други новинарски приказни, мора да е интересна за публиката и да ги засега луѓето и нивните секојдневни животи.

# 3.2
# Проблеми на новинарите

Веднаш на почетокот, уште при дефинирањето на истражувачкото новинарство треба да ни е јасно дека не треба лесно да потпаѓаме под оправадувањата зошто не можеме или не смееме да се занимаваме со ова новинарство. Со проблеми при истражувањето се соочуваат новинарите во речиси сите земји во светот, а не само новинарите во нашата земја.

### Најчести проблеми што стојат на патот на истражувачкото новинарство се следниве:

- Недостиг на информации и документи со кои ќе се потврдат некои сознанија.
- Страв кај уредниците и сопствениците на медиумите да објавуваат приказни со кои може да го доведат медиумот во судир со одредени политички структури.
- Страв кај уредниците и кај сопствениците на медиумите да објавуваат приказни со кои може да провоцираат повлекување на рекламните пораки од одредени фирми и други огласувачи.
- Неможност и незаинтересираност на медиумите да им дадат на новинарите посебно време и пари за подолгорочни истражувања.
- Автоцензура кај новинарите да работат на истражувачки приказни поради сите горенаведени причини и поради страв за својата лична безбедност.

Овие и многу други слични проблеми што одат рака под рака со истражувачкото новинарство се универзални за многу земји од сите континенти. Но тие проблеми секако дека не треба да ве поколебаат во потрагата по вистината и откривањето на информациите што некои луѓе и институции сакаат да останат тајна. Затоа, треба да бидете упорни во погрешата по информациите. Користете ги можностите што ги нуди Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (2006 год.) и повикувајте се на уставните одредби за слобода на информирањето (член 16 од Уставот на РМ).

Ако во вашиот медиум не ви даваат доволно време за истражување, најдобро е да го најдете сами такашто на вашата истражувачка приказна ќе работите пред и по завршувањето на другите дневни обврски во редакцијата. Исто така обидете се да ги убедите уредникот и сопственикот на медиумот во важноста да бидат објавени сознанијата до коишто сте дошле во текот на истрагата. Тоа, во крајна линија, ја подига довербата на публиката во вашиот медиум, а со тоа и многу повеќе огласувачи ќе сакаат да објавуваат реклами во него. Да не зборуваме за тоа дека објавувањето на истражувачки приказни ги прошируваат новинарските слободи и пристапот до информации и ја засилуваат улогата на новинарите и на медиумите во општеството.

# 3.3
# Фази во процесот на истражување

Самиот назив „истражувачка приказна“ упатува на тоа дека овие приказни, пред се, вклучуваат одредено истражување. Тоа е процес што се спроведува во неколку фази, од идејата за темата на истражувањето се до објавувањето на приказната и следењето на реакциите и исходот.

## 3.3.1.
## Наоѓање на тема за истражување

Теми кои се вредни да се истражуваат има многу и насекаде. До нив новинарот може да дојде сам користејќи ја својата љубопитност или пак преку некој извор. Најдобрите истражувачки приказни доаѓаат од луѓе кои сакаат јавноста да дознае нешто за некого или за некоја институција. Натаму, одличен извор на истражувачка приказна можат да бидат лути и обесправени луѓе и фирми кои решаваат да им се поплачат на новинарите. Исто така, добра истражувачка приказна може да произлезе од некој навидум секојдневен разговор со соседите и пријателите или пак од некое вообичаено прибирање на информации од одредена институција за некоја сосема друга приказна. Треба да бидете постојано будни бидејќи добри истражувачки приказни често доаѓаат од рутинските движења на репортерите. Едноставно – истражувачка приказна понекогаш може да произлезе од љубопитното прашање зошто е нешто така како што е.

## 3.3.2.
## Поставување на претпоставка во истражувањето

Откако нешто ќе „замириса“ на добра истражувачка приказна, следното нешто што треба да се направи е да се постават одредени претпоставки во истражувањето. Најдобра појдовна основа во оваа смисла е да утврдиме како нештата треба да функционираат за да видиме што не функционира на тој начин. Потоа, треба да се прашаме кои се тие што добиваат, а кои се тие што губат од одредената ситуација. И, уште на почетокот да ги поставиме двете клучни прашања – „зошто“ и „како“. Зошто работите се одвиваат на одреден начин и како точно се одвиваат. Со следење на овие чекори и со одговарање на сите овие прашања може да постават добри основи и претпоставки за натамошното истражување. Во оваа фаза всушност прецизираме што ќе истражуваме.

### 3.3.3.
### Изработка на стратегија и план на истражувањето

Следно што треба да се направи се стратегија и план на истражувањето. Тие се потребни за да послужат како еден вид компас во текот на истражувањето. Истражувачките приказни се сложени и сеопфатни и бараат да им се посвети значително време, напори, трпение и, во многу случаи, дури и посебен паричен фонд. Стратегијата на истражувањето и работниот план за практично спроведување на истражувањето ќе помогнат истражувањето да се спроведе до крај и да нема непотребни скршнувања и одолговлекувања. Како основа за изработка на стратегијата можат да послужат следниве прашања: што ќе ни биде фокус на истражувањето (што сакаме да докажеме), кои документи ни требаат, кои луѓе сакаме (треба) да ги интервјуираме, што можеме да пребараме на Интернет и што треба да истражиме на терен. Исто така, треба да одредиме која ќе биде временската рамка на истражувањето и дали ни е потребен одреден паричен фонд (и колкав). Во оваа фаза темата и истражувањето треба да ги претставиме на уредниците и да ги убедиме во нивната целисходност и исплатливост.



### 3.3.4.
### Барање и прибирање на документи

Истражувачките приказни се потпираат врз документи. Уште во стратегијата на истражувањето треба да ги наведеме сите документи што ќе ни требаат за да ја докажеме приказната. Документирани траги остануваат зад секоја личност, институција, бизнис случување или појава. Треба само да знаеме што ни треба и како да дојдеме до тие документи.

Податоците што ни требаат можеме да ги најдеме во општината, јавните претпријатија и установи, министерствата и нивните подрачни единици, Владата, Централниот регистар, Берзата, Комисијата за хартии од вредност, Заводот за статистика. Исто така, значајни извори на информации можат да бидат извештаите на Државниот завод за ревизија и на Антикорупциската комисија, како и училишните, медицинските, судските, полициските извештаи и сл. Голем дел од документите се јавни или барем треба да се јавни. Побарајте го секој документ што мислите дека ви треба, без да претпоставувате дали ќе ви го дадат или не. Понекогаш документите се дури и подостапни отколку што можете да претпоставите. Повикајте се на уставните одредби за слобода на информирањето и за обврската на луѓето и институциите да ја информираат јавноста. Ако се соочите со тешкотии во обезбедувањето на документите, побарајте помош во Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер. Не барајте ги секогаш документите од тие што ги издаваат. Побарајте ги и од другата страна, односно од тие што ги примаат. Не се обесхрабрувајте ако добивањето на одреден документ го одложи целото истражување. Исто така, имајте предвид дека документите се примарниот, но не се и единствениот извор во истражувањето. Документите и пишаните материјали не се доволни бидејќи и тие како и луѓето понекогаш може да не ја кажуваат вистината бидејќи, во крајна линија, и документите се напишани од луѓе.



## 3.3.5.
## Барање на луѓе и извори

Документите ја поткрепуваат, но луѓето се тие што ја прават приказната. Откако ќе ги обезбедиме сите потребни документи за истражувачката приказна, треба добро да размислиме со кои луѓе би требало да зборуваме и да ги интервјуираме за да ги составиме сите коцки во мозаикот на приказната. Освен главните актери во приказната, односно тие што добиваат и тие што губат од проблемот или постапката, ни требаат луѓе што виделе што се случило, како и луѓе со стручни познавања на проблематиката. Не треба секогаш прво да ги бараме првите луѓе во институциите. Понекогаш многу добри извори можат да бидат луѓето од т.н. втор ешалон, односно тие што се наоѓаат пониско во хиерарискката структура на организацијата. Исто така, во секоја прилика треба да се обидеме да разговараме и со оние луѓе кои порано се наоѓале на функциите или работните места што ни се предмет на истражување во приказната. Растоварени од последиците, овие луѓе често можат да ни дадат многу значајни информации за подобро разбирање на контекстот на проблемот или појавата.

## 3.3.6.
## Пребарување на Интернет

Интернетот е одлична можност да дојдете до многу важни информации и документи за вашето истражување, но и до луѓе кои би можеле да ги интервјуирате. На Интернет можете да најдете позадински (бекграунд) информации за приказната, да ги истражите искуствата и практиките во другите земји, да дознаете кој и што зборувал за темата што ја истражувате, да дојдете до биографски и контакт информации за изворите и до фотографии што можат да ви користат во приказната. Интернетот денес стана основна алатка во работата на секој истражувачки новинар. Сепак, кога станува збор за користењето на информациите и податоците од Интернет, треба да имаме предвид дека треба да бидеме многу внимателни и да се осигураме во нивната веродостојност. Некои од работите кои можат да ни послужат за проверка на страницата и веродостојноста на информациите се: јасно наведен извор, можност да се провери легитимитетот на оној што ги објавува информациите, детални информации за контакт, редовно ажурирање на страницата и сл.

## 3.3.7.
## Директно набљудување на терен

Директното набљудување е сепак најмоќната алатка на секој репортер. Работата на терен, односно на местото каде што се случуваат нештата, овозможува да ја оживеете приказната и да ја направите интересна за вашата публика. Директното набљудување му овозможува на репортерот да ја разбере подобро темата што ја истражува. Исто така, преку посетата на местото на настанот, репортерот може да си ја олесни натамошната работа затоа што таму може да најде сведоци и извори за интервјуирање. Кога директно ги набљудувате случувањата што ги истражувате, нема да морате да се потпирате врз информации добиени од други извори, односно од „втора рака“, кои може да не се целосно објективни. Предноста на директното набљудување е што никој нема да може да демантира нешто што репортерот сам го видел или слушнал.

## 3.3.8.
## Одредување на временска рамка на истражувањето

Ако го замислите вашето истражување како еден мал проект, тогаш ќе ви биде полесно да разберете зошто е добро да имате временска рамка за негово спроведување. Откако ќе процените колку време оптимално ви треба за истражувањето, кажете му го тоа на вашиот уредник за да знае кога може да очекува да ја објавите приказната. Од друга страна, тоа ќе ве притиска постојано да бидете будни и да го остварите тој рок.

Една од основните карактеристики на истражувачкото новинарство е дека бара време. Проценете реално колку време ви треба да ги најдете потребните документи и извори и да ги интервјуирате. Исто така имајте предвид дека откако ќе ги најдете документите и изворите што првично сте ги предвиделе, можеби ќе се појави потреба од дополнителни документи и луѓе со кои ќе треба да зборувате. Исто така предвидете дека може да дојде до одложување на некои разговори. Кога го проценувате потребното време за приказната, бидете реални и оптимални. Знајте дека тоа време го поставувате вие и дека е можно да се помести, но исто така имајте предвид и дека објавувањето на приказната секогаш претставува потенцијална трка со другите медиуми кои можеби работат на истата приказна.



## 3.3.9. Проценка на потребните пари за истражувањето

Иако во новинарските редакции во земјава се ретки случаите за одредено истражување да се предвиди посебен паричен фонд, односно буџет, сепак треба да процените дали за одредените работи во текот на истражувањето ќе имате потреба од вонредни трошоци за да можете да ја завршите приказната. Овде станува збор за одредени патувања што можеби ќе морате да ги направите, телефонски разговори, фотокопирање на материјали и сл. Иако во многу случаи трошоците за истражувањето можеби ќе бидат покриени во рамките на редовните трошоци, сепак некои истражувања можеби ќе бараат и вонредни трошоци за кои е добро да побарате посебен фонд од вашите претпоставени. И овде треба да бидете реални и оптимални бидејќи некогаш можеби само за уште малку пари да не можете да го завршите истражувањето и да ја објавите приказната. Имајте предвид дека освен од медиумот во кој работите, парични фондови за одредено истражување можете да побарате од новинарските асоцијации, медиумските невладини организации, како и од странски донатори.

## 3.3.10. Организирање на приказната и проценка на ситуацијата

Откако ќе ги обезбедите потребните документи и податоци и ќе ги интервјуирате изворите, следно нешто што треба да го направите е да ја организирате приказната и да процените кои се најбитните информации и сознанија што ги имате прибрано. За да можете најдобро да ја организирате приказната би било добро материјалот со којшто располагате да го подредите хронолошки. Исто така, ќе морате да процените дали сиот материјал што го имате ќе го сумирате и ќе го објавите во една приказна или пак ќе решите да објавите серија приказни. Ако решите да објавувате дел по дел од наодите, тогаш е добро сите тие приказни да имаат еден заеднички наслов за полесно препознавање, на пример „случај XXX“ за да може публиката да знае дека станува збор за одредено истражување за ист случај. Многу е важно во текот на истражувањето постојано да ја проценувате моменталната ситуација за да не се случи да се загубите и во истражувањето и во приказната. Ова значи, постојано да знаете каде оди приказната и до каде оди за да можете да го процените моментот кога веќе имате доволно материјал за објавување на приказната. Сепак, треба да имате предвид и дека истражувањето бара време и да не потклекнувате под притисокот на времето – ако ви требаат уше некој извор или документ да не ги почекате и да ја објавите приказната без нив. Од друга страна, проценувањето на ситуацијата е важно за да оцените дали сте можеби на погрешен пат и дали можеби треба да прекинете со истражувањето оти во него го губите вашето време и времето на редакцијата во којашто работите.



## 3.3.11.
## Финална проверка на приказната

Пред да објавите што било од вашата приказна, многу е важно да направите уште една, финална проверка – дали имате доказ за секое тврдење во приказната. Овде треба да знаете дека ако во вашата новинарска приказна некој обвинува некого без докази, тоа не ве амнестира од одговорност ниту вас, ниту медиумот во кој што работите. Имајќи предвид дека наодите до коишто сте дошле преку истражувањето можат да предизвикаат сериозни реакции и последици, не дозволувајте си ниту најмала грешка. Особено големо внимание посветете на повторната проверка на документите и на податоците. Побарајте помош од стручни луѓе за да ви ја потврдат веродостојноста на податоците и на документите што ги имате. Двапати проверете ја секоја бројка и секое име и презиме. Обидете се секој наод да го проверите и од друг извор, покрај изворот од којшто го имате добиено. Сето ова е многу важно бидејќи дури и некоја ненамерна или случајна грешка може многу негативно да влијае врз кредибилитетот на вашата приказна, на вас како новинар и на вашиот медиум.

## 3.3.12.
## Пишување и објавување на приказната

Иако за време на истражувањето сте прибрале многу информации, разни документи и тоа можеби ви открило некоја сложена ситуација, сепак приказната што ќе ја објавите треба да биде едноставна и разбирлива за вашата публика. За да можете да напишете таква приказна треба да го одредите аголот на приказната прашувајќи се – за што е вашата приказна, односно што сакате да и кажете на публиката со вашата приказна. Исто така, за сето време треба да имате јасен и препознатлив фокус на приказната што ќе ви помогне да направите приказна што ќе и значи на вашата публика. Многу е важно да имате предвид дека аголот на приказната и нејзиниот фокус не мора да се исти со првичната хипотеза што сте ја поставиле за докажување уште на почетокот од истражувањето. Многу често се случува да се промени фокусот на приказната како резултат на некои нови сознанија и документи до коишто сте дошле за време на истражувањето.

За да не се загубите во сопствената приказна исто така е важно да процените кои од прибраните податоци, документи и сознанија не ви се неопходни во приказната и нив да ги оставите настрана, односно да не ги објавите. Потсетете се дека пишувате новинарска приказна, а не некое научно истражување или академски текст.

За да може вашата публика подобро да ја сфати приказната, надополнете ја со графикони, табели и рамки во кои ќе ги организирате и претставите главните бројки, учесниците во истражувањето и хронологијата на настаните. Споделете ги и документите со вашата публика за да ги зголемите кај неа возбудата, но и довербата покажувајќи и оригинални писма, белешки, фотографии, ракописи од учесниците во приказната.

Истражувачката приказна што ќе ја објавите не треба да остане само на тој еден текст во вашиот весник или прилог во вашето радио или телевизија. Мора да продолжите со приказната, објавувајќи ги последователно сите нови сознанија од истражувањето, секоја рекација или разврска на тоа што сте го кажале во приказната. Впрочем, поентата на истражувачкото новинарство е да предизвика реакција и унапредување на некоја состојба или појава со што, во крајна линија, ќе се подобрат животот и благосостојбата на луѓето. Преку објавување на исходот од приказните оние што работеле нечесно, погрешно и противзаконски ќе знаат дека во секое време можат да бидат откриени и обелоденети. Публиката, пак, ќе знае дека на злоупотребите може да им дојде крај и дека во иднина ќе има каде да се обрати ако е сведок или има сознанија за такви дејства.

4.

# Легални и етички аспекти

Истражувачкото новинарство открива нешто што одредни луѓе или институции сакаат да остане тајна и најчесто содржи обвинувања за сторена неправилност, погрешно работење или работење спротивно на законите. Сето ова може да предизвика одредени последици по новинарите, во смисла некои од луѓето и институциите што се споменати во приказните да покренат судски спорови против нив тужејќи ги за клевета или навреда.



Кога станува збор за легалните аспекти на истражувачкото новинарство, добро е да се познаваат клучните законски одредби кои на новинарите и медиумите им гарантираат право на информирање, а за нивните соговорници пропишуваат обврска да ја информираат јавноста за своето работење, одредби кои на новинарите им гарантираат пристап до одредени информации што некои можеби не сакаат да ги обелоденат, како и одредби кои ги штитат луѓето и институциите од неосновани обвинувања, односно клевета и навреда. Кога станува збор за етичките стандарди на новинарската професија тие се пропишани во Кодексот на новинарите на Македонија, донесен во 2001 година.

# 4.1. Слобода на јавно информирање

Основната законска рамка што ја гарантира слободата на јавното информирање во Република Македонија ја дава Уставот. Покрај слободата на јавно информирање, членот 16 од Уставот меѓудругото ги гарантира и слободниот пристап до информациите, правото на заштита на изворот на информацијата и ја забранува цензурата. Овој член ги гарантира и правото на исправка и на одговор во медиумите. Овие одредби од Уставот всушност им даваат право на новинарите да се повикаат на нив секогаш кога бараат информации за работењето на одредена институција или луѓе, а коишто се важни за информирање на публиката.

**Устав на Република Македонија**

**Член 16**

- Се гарантира слободата на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата.
- Се гарантира слободата на говорот, јавниот настап, јавното информирање и слободното основање на институции за јавно информирање.
- Се гарантира слободниот пристап кон информациите, слободата на примање и пренесување на информации.
- Се гарантира правото на одговор во средствата за јавно информирање.
- Се гарантира правото на исправка во средставата за јавно информирање.
- Се гарантира правото на заштита на изворот на информација во средствата за јавно информирање.
- Цензурата е забранета.

## 4.2. Слободен пристап до информации од јавен карактер

Освен Уставот, пристап до информации кои имаат јавен карактер, на новинарите им овозможува и релативно новиот Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер донесен во 2006 година. Повикувајќи се на одредбите од овој закон, новинарите можат усно, писмено или преку електронски допис да побараат информации од органите на државната власт и други установи и институции, органите на општините, јавните установи и служби, јавните претпријатија и др. Освен во случаи кои се точно прецизирани во членот 6 од овој закон, имателите на информации се должни да му ги достават информациите на барателот во рок од 30 и не подоцна од 40 дена од денот на приемот на барањето. Секој имател на информации е должен јавно да ја објави листата на информации од јавен карактер што ги поседува.

## 4.3. Заштита на приватноста и на личните податоци

Наспроти новинарските слободи и правото на граѓаните да бидат информирани, свои права и заштити имаат и луѓето коишто новинарите ги користат како извори или како учесници во своите приказни. Секој човек има право на заштита на својата приватност, на своите лични податоци и личен интегритет. Оттука, новинарите треба да ги почитуваат овие права и заштити на граѓаните, освен кога тоа е спротивно на јавниот интерес.

Заштитата на личните податоци и правата на приватност во врска со обработка на лични податоци се уредуваат како основни слободи и права на граѓаните со Законот за заштита на личните податоци од 2005 година. Во член 2 од овој закон, под личен податок се дефинира секоја информација која се однесува на идентификувано физичко лице или физичко лице кое може да се идентификува врз основа на единствениот матичен број на граѓанинот или врз основа на едно или повеќе обележја специфични за неговиот физички, ментален, економски, културен или социјален идентитет.



# 4.4.
# Клевета и навреда

Новинарите треба да бидат многу внимателни кога ги објавуваат своите истражувачки приказни и треба да водат сметка сите наводи во нив да бидат поткрепени со соодветни докази. Точноста, балансот (претставување на сите страни во приказната) и фер пристапот (непристрасност кон која било од страните во приказната) претставуваат основа на секоја новинарска приказна и оттука и на истражувачката приказна. Според македонскиот Кривичен законик, клеветата и навредата претставуваат кривични дела. Овие две дела се регулирани во членовите 172 и 173 од Кривичниот законик. Од друга страна, Законикот предвидува и низа случаи на неказнување за кривичните дела клевета и навреда пропишани во членот 176 од Законикот.

# 4.5.
# Етички прашања

Етичките прашања во новинарската професија во Македонија се регулирани со Кодексот на новинарите на Македонија, којшто е донесен во 2001 година. Потписници на Кодексот се новинари од речиси сите редакции во Македонија кои се обврзале дека нивните новинари во своето работење ќе ги почитуваат нормите од Кодексот. Кодексот ги дава основните етички принципи и професионални стандарди за однесување на новинарите. За спроведување на Кодексот се грижи Советот на честа при Здружението на новинари на Македонија.



# 4.6.
# Кодекс на новинарите на Македонија

**Принципи на однесување:**

Слободата на медиумите е неприкосновено право.

Основна задача на новинарите е да ја почитуваат вистината и правото на јавноста да биде информирана во согласност со член 16 од Уставот на Република Македонија.

Новинарите имаат улога да пренесуваат информации, идеи и мислења и право да коментираат. Почитувајќи ги етичките вредности и професионалните стандарди во пренесувањето на информациите, новинарите ќе бидат чесни, објективни и точни.

Право и должност на новинарите е да настојуваат да ја спречат цензурата и искривувањето на вестите.

Следејќи ја својата улога во градењето на демократијата и на цивилното општество, новинарите ќе ги бранат човековите права, достоинството и слободата, ќе го почитуваат плурализмот на идеите и ставовите, ќе придонесуваат за јакнење на правната држава и во контролата на власта и на другите субјекти од јавниот живот.



## Врз основа на овие принципи и етички вредности:

1. Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес.
   Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи.
   До колку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави.
   Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно.

2. Ако новинарот е спречен да дојде до бараната информација има право за тоа да ја информира јавноста.

3. Новинарот ќе настојува да биде обезбедено објавување на исправка, деманти и одговор во случај кога ќе биде утврдена неточност на информацијата.

4. Новинарот ќе го назначи изворот на информациите, но ако изворот бара да остане анонимен, новинарот ќе го заштити.
   **5.** Новинарот ќе ги почитува законите во државата, но нема да објави или сокрие ништо што е во спротивност со јавниот интерес.

6. Новинарот не смее да го користи медиумот за објавување или прикривање информации за стекнување лична корист.
   Митото, корупцијата и изнудувањето се неспојливи со новинарската професија.
   Не смее да се дозволи рекламирањето и другите комерцијални мотиви да влијаат врз слободата на информирањето.
   Треба да постои разграничување меѓу рекламирањето и новинарскиот текст со илустрацијата.

7. Новинарот ќе ја почитува приватноста на личноста, освен кога тоа е во спротивност со јавниот интерес.
   Новинарот е должен да ги почитува личната болка и жалост.

8. Начинот на информирање во случаи на несреќи, елементарни непогоди, војни, семејни трагедии, болести, судски постапки мора да биде ослободен од сензационализми.
   Во судските постапки треба да се почитува принципот на пресумпција на невиност, да се известува за сите инволвирани страни во спорот и да не се сугерира пресуда.

9. Новинарот не смее да интервјуира или фотографира деца под 16 години без согласност од родителите или старателите, освен ако тоа не е во согласност со правата на детето.
   Истото се однесува и за лица со посебни потреби, кои не се во состојба свесно да расудуваат.

10. Новинарот нема свесно да создава ниту прерабо-

тува информации што ги загрозуваат човековите права или слободи, нема да говори со јазикот на омразата и нема да поттикнува на насилство и дискриминација по која било основа (национална, верска, расна, полова, социјална, јазична, сексуална ориентација, политичка...).

**11.** Новинарот ќе се придржува и на општо прифатените општествени стандарди на пристојност и почитување на етничките, културните и религиозните различности во Македонија.

**12.** Плагијаторството е неприфатливо.
Цитатите не смеат да се користат без да се нагласи изворот или авторот.

**13.** Новинарот треба да прави разлика меѓу фактите и мислењата, меѓу веста и коментарот.

**14.** Известувањето од политичките процеси, посебно од изборите треба да биде непристрасно и избалансирано.
Новинарот мора да обезбеди професионална дистанца од политичките субјекти.

**15.** Новинарот мора да ја негува културата на говорот и етиката.
Неспојливо со новинарската професија е непримерната комуникација со јавноста.

**16.** Новинарот ќе ги чува угледот и достоинството на својата професија, ќе ги поттикнува заемната солидарност и различност на ставовите и нема да го употреби својот медиум за пресметка со личности, вклучувајќи ги и своите колеги.

**17.** Новинарот има право да одбие работна задача доколку е во спротивност со принципите на овој Кодекс.

### Завршни одредби:

Новинарите кои работат во согласност со овој Кодекс ја уживаат поддршката на својата медиумска куќа и на својата професионална организација.
Во согласност со законите на Република Македонија, новинарите ќе го прифатат судот во однос на професијата само од своите колеги и ќе бидат надвор од политичко и друго влијание.
За почитувањето на принципите од Кодексот се грижи Советот на честа на Здружението на новинарите на Македонија.

CIP - Каталогизација во публикација

Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

316.774/.776-027.541(497.7)(035)

ПРИРАЧНИК за начинот на известување за локалните теми и истражувачко новинарство : за локални медиуми / [во подготовка учествуваа Герман Филков и Сабина Факиќ]. - Скопје : Ацоцијација за рурален развој, 2008. - 40 стр. ; 28 см

ISBN 978-9989-2905-0-3

а) Медиуми, локални - Македонија - Прирачници

COBISS.MK-ID 73505290